**Согласно член 44, 45, и 46 од Статутот на Тетекс АД Тетово , а врз основа на Одлуката за свикување на Собрание на акционери Друштвото бр. бр. 0202-1006/1 од 27.09.2017 год Одборот на директори објавува**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За одржување на Годишно собрание на акционерите на**
**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Собрание на акционерите на Тетекс АД Тетово ќе се одржи на ден 27.11.2017 год. (понеделник) во салата на Ф-ка конфекција во Друштвото, во Тетово на ул.Браќа Миладинови бр.1 со почеток во 12 часот.**

**Собранието на седницата ќе работи по следниот**
**Дневен ред**

**I Процедурален дел**

1.Отварање на Собранието
2.Избор на претседавач на Собранието
3.Избор на бројач на гласови
4.Избор на записничар и оверувачи на записник

**II Работен дел**

1.Донесување одлука за распоред на дел од нераспределената акумулирана добивка на Друштвото за исплата на дивиденда
2.Донесување Одлука за плаќање дивиденда и утврдување дивиденден календар

**Се повикуваат акционерите на Тетекс АД Тетово, односно нивните законски застапници да учествуваат во работата на Собранието.**

**Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на собранието, до Друштвото.**

**Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество во Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат и електронски. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномоштвата и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.**

**Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред.**

**Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред предлози на одлуките и прашања најдоцна во рок 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик .**

**Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва .**

**Секој акционер има право да поставува прашања по секоја точка од дневниот ред на седница на собрание на Друштвото.**

**Одговорите на поставените прашања , Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон.**

**Гласањето во Собранието е јавно, а одлуките се донесуваат со потребно мнозинство гласови.**

**Увид во материјалите од дневниот ред може да се изврши секој работен ден од 12.00 до 13.00 часот во деловните простории на Друштвото и на официјалната страница на Друштвото www.teteks.com.mk**

**ТЕТЕКС АД ТЕТОВО**

**Одбор на директори**